# **БИЛЈАНА НЕЛКОВА - ШУШКАЛО**

---

Билјана е етаблиран експерт и консултант во областа на менаџментот на човечки ресурси, со богато портфолио во обезбедување стратешка поддршка на компании од индустрискиот и услужниот сектор.

Својот професионален пат во областа на менаџментот на човечки ресурси го започнува во АрцелорМиттал Скопје како Контролинг на ЧР, каде ја гради својата цврста аналитичка основа, за потоа кариерата да ја насочи кон стратешкото управување со луѓето, на раководни функции во човечките ресурси во компании како Жито Лукс Скопје и АМСМ.

Ваквото сеопфатно познавање на деловните процеси и овозможува денес да пристапи кон организациските предизвици со спој на прецизност и лидерска визија. Таа е специјализирана за стратешко управување со човечкиот капитал, имплементација на современи практики и унапредување на организациската ефективност преку системи базирани на клучни индикатори на успешноста.

Нејзиниот пристап се темели на висок степен на професионален интегритет, етичност и докажани лидерски способности за водење комплексни системи и тимови.